УПАТСТВО
ЗА
САМОЕВАЛУАЦИЈА НА
ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

Скопје, 30.12.2019 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-1206/1
31.12 2019 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на член 94 т.31 од Законот за високото образование, („Службен весник на РМ" бр.82/18) и член 72 т.31 од Статутот на Европски Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 82-та седница, одржана на ден 30.12.2019 година, го донесе следното:

УПАТСТВО ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА
на
Европски Универзитет Скопје

Член 1

Со Упатството се утвдуваат единствените основи за самоевалуација и самоевалуационите методи и постапки на Европски Универзитет Скопје (во натамошниот текст: Универзитет), а особено: целите и основите за вршење на самоевалуација, оценување на квалитетот на наставно-научниот кадар, бројот на членовите и составот на Комисијата за самоевалуација, постапката на самоевалуацијата, правата и должностите на лицата што вршат самоевалуација, содржината и стандардите за подготвување и прифаќање на евалуциониот извештај, мерките што треба да се преземат во врска со резултатите и другите прашања поврзани со самоевалуацијата.

I. Цели н самоевалуацијата

Член 2

Самоевалуацијата како почетна етапа на евалуациониот процес има цел:

- да утврди краток и содржаен приказ на Универзитетот и Факултетите, наставно - образовниот процес со влијанието на научно-истражувачката работа на осовременувањето на наставата;
- да ги констатира и лоцира добрите и слабите страни на Универзитетот и Факултетите;

Член 3

Со самоевалуацијата се утврдуваат состојбите во Универзитетот и се создаваат претпоставки за нивно континуирано подобрување преку:

- прилагодување и осовременување на студиските програми и перманентно подигање на нивото на наставнообразовниот процес;

- доследно почитување на критериумите за избор и унапредување на наставници и соработници и создавање услови за нивно усовршување.

Член 4

За процена на квалитетот на вршење на високообразовната дејност, на управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети, Универзитетот врши самоевалуација.

Самоевалуацијата се остварува преку институционална евалуација и преку евалуација на студиските и предметни програми и на процесите на настава и учење (во натамошниот текст: самоевалуација).

Самоевалуацијата се спроведува во рамките на факултетите и на ниво на Универзитетот, согласено Упатството за единствените основи на самоевалуацијата, одредбите од овој статут и одредбите од ЗВО.

Член 5

Евалуацијата на Универзитетот ја спроведува Комисија за самоевалуација составена од 7 членови, од кои пет се избираат од редот на наставниците, а два од редот на студентите.

Самоевалуацијата на ниво на факултет ја спроведуваат поткомисии за евалуација на факултетите од 5 члена, од кои три се избираат од редот на наставниците и два од редот на студентите.

Мандатот на членовите на Комисијата од став 1 и на поткомисиите од став 2 на овој член трае четири години, а мандатот на студентите две години, без право на повторен избор.

Сенатот ги избира, со тајно гласање, членовите на Комисијата за евалуација на Универзитетот, а Наставно-научните совети на факултетите ги избираат членовите на поткомисиите за самоевалуација на факултетите.
Претставниците на студентите ги избира студентскиот парламент.

Самоевалуацијата од страна на студентите се добива на крајот на секоја учебна година и истата се зема предвид при напредувањето на наставникот во наставно-научно звање.

Самоевалуацијата се добива по пат на анкета на студентите, која ја спроведува Универзитетот на начин утврден со Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

Член 6

Комисијата за самоевалуација на Универзитетот и поткомисиите за самоевалуација на факултетите, евалуацијата ја вршат според условите утврдени со овој Статут и според Правилникот за евалуација на Универзитетот кое го усвојува Сенатот.

Со Комисијата за самоевалуација на Универзитетот односно со поткомисиите за евалуација на факултетите раководи претседател избран од составот на Комисијата, односно поткомисијата, од редот на наставниците.

Член 7

Комисијата за самоевалуација на Универзитетот ги анализира и ги оценува:
- реализацијата на студиските и предметните програми;

- степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во реализацијата на студиските и предметните програми;
- резултатите од полагањето според структурата на студиските програми (задолжителни, изборни, факултативни, општи, специјалистички, теоретски, практични и слично);
- бројот и структурата на студентите;
- времетраењето на студиските програми и проодноста по учебни години;
- успехот на студентите според начинот на студирање, како и според регионалната припадност, националната припадност и слично;
- влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читални и слично) врз ефикасноста во студирањето;
- влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;
- дејноста на Универзитетот според условите на дадената акредитација и дозволата за вршење високообразовна дејност;
- ја координира работата на поткомисиите за самоевалуација на факултетите.

Член 8

Поткомисијата за самоевалуација на факултетите ја анализира и дава оцена за реализацијата на програмата на катедрите за:
- реализацијата на студиската програма;
- степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во реализацијата на студиската програма;
- резултатите од полагањето според структурата на студиската програма (задолжителни, изборни, факултативни, општи, специјалистички, теоретски, практични, лабараториски и слично);
- бројот и структурата на студентите;
- времетраењето на студиската програма и проодноста по учебни години;
- успехот на студентите според начинот на студирање, како и според региналанта припадност, националната припадност и слично;
- влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читални и слично) врз ефикасноста во студирањето;
- влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;

Поткомисијата за самоевалуација на факултетите изготвува годишен извештај за резултатите од евалуацијата со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на студиите на соодветниот факултет.

Член 9

Комисијата за самоевалуација, врз основа на сопствените истражувања и извештаите на поткомисиите за самоевалуација на факултетите изготвува годишен извештај за резултатите од самоевалуацијата со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на Универзитетот.

Поткомисијата за самоевалуација на факултетите го доставува извештајот до Комисијата за самоевалуација на Универзитетот и до Наставно-научниот совет на факултетите. Комисијата за самоевалуација на Универзитетот го доставува извештајот до Сенатот, и Управниот одбор, како и до Агенцијата за евалуација,

Одборот за акредитација и до други надлежни институции заинтересирани за дејноста на високообразовните установи.

Член 10

Комисијата за евалуација од член 5 е надлежна за самоевалуација на Универзитетот како целина (високообразовна, научно-истражувачка, кадровска и управувачка структура).

II.Основи врз кои се врши самоевалуацијата

Член 11

Самоевалуацијата на Универзитетот се врши врз основа на квалитативна анализа и анализа заснована на релевантни квантитативни податоци.
Самоевалуацијата треба да доведе до судови, односно констатации за тоа што е позитивно, односно добро и посебно да се утврдат неповолните состојби и да се забележат мерките и инструментите за нивно санирање.

Член 12

Самоевалуацијата се базира на согледување и анализа на состојбите на Универзитетот во повеќе сегменти, пред се на:

- мисијата и целите;
- стратегијата за остварување на мисијата на Универзитетот;
- одделни факултети и други наставно-научни центри;
- студиски и предметни програми;
- наставно-научен подмладок и кадар;
- наставнообразовна дејност;
- научно-истражувачка дејност;
- студентите;
- просториите и другите материјални ресурси;
- наставно-научна соработка со сродни установи од земјата и странство.

Член 13

Универзитетот за да ја задржи актуелноста, ќе ги следи потребите во државата за високостручни кадри од определени профили и ќе создава услови и претпоставки за нивно успешно образување.
Низ самоевалуацијата Универзитетот ќе ги следи промените и прилагодувањата на сродни високообразовни организации во земјата и странство за задоволува на потребите за формирање на кадри од определени профили и врз основа на тоа ќе ја гради стратегијата за својот развој.

Член 14

Во постапката за самоевалуација ќе се утврди состојбата на Универзитетот и членките и тоа: датумот на основање, следење на развојот и унапредувањето на кадарот преку бројот на вработени: наставно-научни кадри (по звање); соработници и административно- стручни работници; бројот на студиски програми и студенти на студиска програма одделно на прв циклус,

втор циклус и трет циклус студии; бројот на дипломирани, магистрирани и доктори на науки; соодносот на бројот на наставно-научните и соработнички кадри со бројот на студентите, покриеноста на наставните предмети со наставници (бројот на наставните дисциплини, бројот на наставниците и соработниците и годишниот фонд на часови по наставник); книжен фонд во библиотеки; формирање на континуираното образование и други показатели.
Преку показателите од претходниот став ќе се утврди местото и позицијата на Универзитетот во високото образование на Република Македонија.

III.Самоевалуација на студиските програми

Член 15

Самоевалуацијата на студиските програми е базата на вршење на самоевалуација на Универзитетот како целина.

Член 16

Самоевалуацијата на студиските програми за прв циклус, втор и трет циклус студии опфаќа:
- година на започнување;
- описна студиска програма;
- предмети по години на студии и семестри;
- број на часови по општо образовните и стручните предмети;
- (дали се обезбедува формирање на стручен, односно научен профил според домашните и меѓународните стандарди);
- бројот на наставниот и помошно наставниот кадар;
- бројот на студентите;
- начинот на кој се реализира практичната настава;
- покриеноста на наставните дисциплини со учебници што ги задоволуваат академските критериуми и стандарди;
- дополнителна литература за секој предмет одделно;
- соодветност на часовите за предавање, вежби, теренска настава, семинарски работи, како и други показатели преку кои ќе може да се согледа дали преку предметните содржини и други форми се формираат кадри оспособени за успешно вршење на професионалните обврски во соодветните подрачја.

IV.Самоеволуција на наставно образовната дејност

Член 17

Успехот на наставнообразовната дејност се оценува според:
- системот на образование;
- применетите форми, методи и технологии во наставнообразовниот процес;
- примената на современите технологии (компјутери, софтверска поддршка, информациони бази);
- соработката во наставно образовниот процес со соодветни установи од земјата и странство;
- методи за проверка на знаењата (писмени и усни испити, тестови, колоквиуми);
- соодносот на положените и неположените испити;
- улогата на завршниот (дипломскиот) испит во оформувањето на стручниот

профил;

- видот на струките за кои се оспособуваат студентите преку студиите;
- просечното времетраење на студиите;
- бројот и процентот на студентите од генерациите кои дипломирале за пропишано време;
- бројот и процентот од дипломираните што се запишале на постдипломски студии;
- бројот на процентот на запишаните студенти кои се здобиле со академски степен магистер и специјалист во последните пет години;
- бројот на трет циклус дисертации пријавени во последните пет години;
- бројот на одвратени трет циклус дисертации во последните пет години.

Член 18

Самоеволуцијата поврзана со студентите се врши според:

- бројот и процентот од пријавените кандидати кои го положиле приемниот испит;
- просечниот успех од средните училишта на запишаните студенти;
- осигурувањето на студентите (бројот и процентот на процентите кое не исполниле услов за запишување на наредната студиска година);
- видот и формите на учество на студентите во оценувањето на наставнообразовниот процес (анкети и други форми);
- организирани форми на културни, спортски и други активности на студентите;
- учество и придонес на студентите во управувањето со Универзитетот;
- други форми.

Член 19

Самоеволуцијата на просторните и материјалните ресурси во наставно образовната дејност се врши зависно од тоа:

- дали постојат просторни услови за организирање и изведување на наставнообразовниот процес според утврдените критериуми и стандарди;
- просторот и видот на опремата за теоретска и практична настава и практични вежби;
- бројот на компјутерите во лабораториите и приклучоците на интернет;
- екипираноста на библиотеките со литература со вложувањата за набавка на литература во последните пет години;
- наслови на научна (домашна и странска) периодика на која е претплатена библиотеката, односно факултетите и Универзитетот;
- бројот на учебници во библиотеката од наставниците според академски критериуми и стандарди и други напишани прирачници, практикуми и сл;
- дали редовно се информираат студентите, соработниците и наставниците за нови пристигнати книги во библиотеката;
- дали задоволува сервисот во библиотеката за издавање книги на студентите, наставниот и асистентскиот кадар;
- дали постои современ сервис за копирање;
- дали е обезбаедено спречување на повреда на авторските права со копирање на учебници и друга литература.

Член 20

При самоевалуацијата на факултетите на Универзитетот значајно место имаат

просторните и кадровските услови на студентската служба, во врска со водењето евиденција (софтвер) и укажување на други услуги на студентите.

V. Соработка со органи и организации во земјата и странство

Член 21

При самоевалуацијата значајно место и значење има:

- соработката со стопанските организации, со владини и невладини организации и со национални професионални асоцијации чии дејности се определена врска со целите и задачите на факултетите и на Универзитетот во целина;
- учество во последните 5 години во проекти според Европски програми (Phare, Tempus, Coperrnicus и др.);
- вклученоста во последните пет години на наставно-научни работници во други проекти;
- учество во соработката и размената на студенти со студенти на сродни високообразовни организации од земјата и странство;
- контакти, размена на искуства и други форми на соработка со дипломираните студенти.

VI. Научно истражувачка активност

Член 22

`Самоевалуацијата на научно-истражувачката дејност се врши според:

- бројот на публикациите објавени во последните пет години (класифицирани според типологија на документи содржани во класификацијата);
- бројот на цитирани дела од наставно-научни работници од Универзитетот од други автори (според податоците со кои располага Универзитетската библиотека);
- вкупниот број на пријавени научно-истражувачки проекти во последните пет години;
- вкупниот број на реализиани научно-истражувачки проекти во последните пет години;
- учество на наставно-научни работници во Универзитетот во последните пет години со реферати, на конференции и научни собири во земјата и во странство;
- објавени научни трудови и учебници од наставно-научни работници на Универзитетот во странство, во последните пет години;
- освоени награди и признанија од наставно-научни работници од Универзитетот за научни достигнувања и придонес, во земјата и странство, во последните пет години;
- организирани научни собири и конференции (национални и меѓународни) од факултетите на Универзитетот, во последните пет години;
- вклученост во наставно-научната дејност на факултетите или држење на предавања од афирмирани наставно-научни работници од странство.

VII. Оцена на извршување на обврските од академскиот кадар на Универзитетот

Член 23

Централно место при самоевалуацијата зазема оценката за извршување на обврските од наставниците и соработниците на Факултетите и Универзитетот.

При оценката на извршувањето на обврските од претходниот став ќе се поаѓа од критериумите утврдени во Законот за високо образование, Сатутот на Универзитетот, Правилникот за избор во наставно-научни, наставни и стручни звања усвоен од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија, како и од општо утврдени академски критериуми за однесување и извршување на задачите на универзитетски наставници и соработници.

Член 24

Основни елементи на самоевалуацијата се:

- почитување на критериумите за избор и унапредување на наставниците и соработниците;
- преку анкетирање на студентите ќе се следи односот кон обврските и спасување на академските критериуми и стандарди;
- придонес во формирањето и научното квалификување на соработниците;
- афирмацијата на наставниците и помошно наставничките кадри во земјата и странство, а со тоа подигање на нивото и угледот на Универзитетот.

Член 25

Органите на Универзитетот врз основа на оцена на квалитетот на наставниците и соработниците што го утврдиле факултетите и институтите предлагаат и преземаат мерки за подобрување.

Член 26

Самоевалуацијата започнува со разговор на менаџментот на Универзитетот заради разјаснување на прашањата:

- како на Универзитетот се обезбедува автономија (избор на академски кадри, утврдување на студиски и предметни програми, организирање и вршење на наставно-научната дејност и сл.);
- со кои проблеми се соочува менаџментот во вршење на дејноста;
- активностите што има намера да ги преземе менаџментот за подобрување на квалитетот;
- кои студиски програми и научни подрачја се сметаат за приоритетни;
- односите на Универзитетот со надворешните партнери, државни и други институции, високообразовни установи во државата и надвор од државата;
- меѓународната образовна и научна соработка.

VIII.Извештај за самоевалуацијата

Член 27

По извршувањето на задачата Комисијата за самоевалуација подготвува извештај. Извештајот за самоевалуација се подготвува за интерни потреби на Универзитетот и за екстерни потреби за надворешна евалуација.

Извештајот треба аналитички објективно да ги одразува состојбите.

Извештајот содржи:

1. состав на Комисијата и работните групи кои учествувале во самоевалуацијата;
2. вовед, во кој се објаснува процесот на самоевалуацијата;
3. список на органи, субјекти и институции со кои Универзитетот соработувал во постапката за самоевалуацијата;
4. приказ за позитивните елементи и тешкотии што се манифестирале во текот на самоевалуацијата;
5. податоци за водените расправи по извештај на Комисијата.

Член 28

Централно место за извештајот има анализата на целите на Универзитетот, мерката во која тие се остваруваат.

Анализите ги осветлуваат добрите и лошите страни на сите сегменти што се предмет на самоевалуацијата.

Анализите се проследуваат со прилози мерки и активности за отстранување на недостатоците и подобрување на состојбите.

Член 29

Во заклучокот на извештајот за самоевалуација се констатираат позитивните страни и согледаните недостатоци, како и мерките за нивно надминување.

Член 30

Извештајот го потпишуваат претседателот и членовите на Комисијата за самоевалуација.

Пред испраќање до Агенцијата за евалуација на Република Македонија, извештајот се доставува до менаџментот на Универзитетот заради запознавање.

Член 31

Извештајот за самоевалуација се објавува во Гласникот на Универзитетот.

IX Завршни одредби

Член 32

Автентично толкување на одредбите од ова Упатство дава Универзитетскиот сенат.

Член 33

За измени и дополонувања на Упатството се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 34

Упатството влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:

Вонреден проф.д-р Љупчо Сотироски